**Институт за јавно здравје на РМ**
**Сектор за контрола и превенција на заразни болести**

## ЕБОЛА ВИРУСНА БОЛЕСТ, ЗАПАДНА АФРИКА

Ажурирани податоци за епидемијата
31.07.2014

### Епидемиологија и надзор

Помеѓу 24 и 27 јули 2014 година, пријавени се 122 нови заболени (лабораториски потврдени, веројатни и сомнителни) и 57 смртни случаи во **Гвинеја, Либерија, Нигерија и Сиера Леоне**. Трендот на епидемијата на Ебола останува неизвесен, пренесувањето на инфекцијата продолжува да се случува - и во заедницата и во болничките установи. Порастот на бројот на нови случаи ЕВБ повикува на концентрирани напори од страна на сите инволвирани, за решавање на идентификуваните проблеми, како што се пренесување на инфекцијата во здравствените установи и ефективното следење на контактите.

Здравствените власти во Нигерија потврдија дека веројатниот ЕВБ случај за кој СЗО извести на 27 Јули, 2014 бил со симптоми кога пристигнал во Нигерија и дека досега биле идентификувани 59 негови контакти. Се потврдува исто така, дека пациентот патувал со авион и пристигнал во Лагос, Нигерија, на 20 јули преку Того и Гана. За потврда на дијагнозата, примерокот ќе биде испратен на тестирање во Колаборативен центар на СЗО - Институтот Пастер во Дакар, Сенегал. Иако досега е откриен само еден веројатен случај во Нигерија, појавата на Ебола вирусна инфекција во оваа земја упатува значаен развој во насока на оваа епидемија.

Националните власти во Гана, Нигерија и Того продолжуваат да соработуваат со СЗО и партнерите за идентификацијата и следење на контактите, како и во подготвувањето на планови за одговор на епидемијата.

### Одговор на здравствениот сектор

Во обид да се забрза одговорот кон тековната епидемија во Западна Африка, генералниот директор на СЗО континуирано одржува разговори со донаторската заедница, развојните партнери и меѓународните агенции. Фокусот на дискусијата е центриран на потребата за брзо распоредување на дополнителни човечки и финансиски ресурси кои ќе помогнат за прекин на трансмисијата на Ебола и ставање крај на епидемијата.

Во тек се напори за да се зајакнат сите аспекти на одговор кон епидемијата во овие четири земји, вклучувајќи го следењето на контактите, јавното информирање и мобилизирање на заедницата, управување со случаите и координација, превенција и контрола на инфекцијата. СЗО исто така тесно соработува со различни партнери со цел финализирање на националните планови за одговор, кои ја дефинираат потребата за итен одговор во согласност со стратегијата донесена од страна на земјите-членки во Акра.

СЗО и партнерите ја продолжуваат меѓусебната соработка преку **Суб-регионалниот Координативен Центар за епидемијата на Ебола** (SEOCC) во Конакри, формиран минатата недела, со цел побрзо ставање под контрола на оваа епидемија.

СЗО не препорачува ограничување на патување или трговија за Гвинеја, Либерија, Нигерија или Сиера Леоне, врз основа на сегашните информации за овој настан.

**Ажурирани податоци за болеста**

Нови заболени и смртни случаи кои се должат на вирусот на Ебола продолжија да се пријавуваат од страна на Министерствата за здравство во четирите западноафрикански земји - Гвинеја, Либерија, Нигерија и Сиера Леоне. Помеѓу 24 и 27 јули 2014 година, беа пријавени 122 нови случаи на заболени од Ебола, вклучувајќи и 57 смртни случаи: Гвинеја, 33 нови заболени и 20 смртни случаи; Либерија, 80 нови заболени со 27 смртни случаи; Нигерија, 1 заболен и 1 смртен случај; и Сиера Леоне, 8 ново-заболени и 9 смртни. Овие бројки ги вклучуваат лабораториски потврдените, веројатните, сомнителните случаи и смртни случаи предизвикани од вирусот на Ебола.

До 27 јули 2014 година, кумулативниот број на случаи Ебола во четирите земји изнесува **1.323 заболени,** вклучувајќи **729 смртни случаи**. Дистрибуцијата и класификацијата по земји е прикажана во Табелата што следи:

<u>**Табела 1.**</u> *Потврдени, веројатни, сомнителни и смртни случаи од вирусот на Ебола во Гвинеја, Либерија, Нигерија и Сиера Леоне, до 27 јули 2014*

| | **Нови*** | **Потврдени** | **Веројатни** | **Сомнителни** | **Вкупно по земја** | **Стапка на смртност** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гвинеја** | | | | | | |
| Заболени | 33 | 336 | 109 | 15 | **460** | **74,00%** |
| Умрени | 20 | 218 | 109 | 12 | **339** | |
| **Либерија** | | | | | | |
| Заболени | 80 | 100 | 128 | 101 | **329** | **47,40%** |
| Умрени | 27 | 72 | 62 | 22 | **156** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сиера Леоне** | | | | | | |
| Заболени | 8 | 473 | 38 | 22 | **533** | **43,70%** |
| Умрени | 9 | 195 | 33 | 5 | **233** | |
| **Нигерија** | | | | | | |
| Заболени | 1 | 0 | 1 | 0 | **1** | **100,00%** |
| Умрени | 1 | 0 | 1 | 0 | **1** | |
| **Вкупно** | | | | | | |
| Заболени | 122 | 909 | 276 | 138 | **1.323** | **55,10%** |
| Умрени | 57 | 485 | 205 | 39 | **729** | |
| * Пријавени случаи меѓу 24 и 27 Јули 2014 година. | | | | | | |

Вкупниот број на случаи е предмет на промена поради рекласификација, ретроспективна истрага, консолидација на случаи и лабораториски податоци и подобрен надзор. Податоците објавени во извештајот се базирани на најдобрите достапни информации пријавени од страна на Министерствата за здравство.

---

Извор: http://www.who.int/csr/don/2014_07_31_ebola/en/
Ebola virus disease, West Africa – update
Disease outbreak news
31 July 2014